**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666** www.kzk.gov.mk e-mail:kzk@kzk.gov.mk

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од страна на SKion GmbH, Seedammweg 55, 61352 Bad Homburg v.d. Hohe, Сојузна Република Германија, доставено преку Владо Илиевски, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 27.02.2026 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се утврдува концентрацијата која се однесува на стекнување на целосна контрола врз суштинскиот дел од постојаниот бизнис преку откуп на средства и акции во определени филијали на БМЗ Холдинг ГмбХ, Зече Густав бр.1 Карлштајн 63791, Германија од страна на SKion GmbH, Seedammweg 55, 61352 Bad Homburg v.d. Hohe, Сојузна Република Германија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**
2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 10.02.2026година, а дополнето на 24.02.2026, 25.02.2026 и на 26.02.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација, кое се однесува на стекнување на целосна контрола врз суштинскиот дел од постојаниот бизнис преку откуп на средства и акции во определени филијали на БМЗ Холдинг ГмбХ, Зече Густав бр.1 Карлштајн 63791, Германија од страна на SKion GmbH, Seedammweg 55, 61352 Bad Homburg v.d. Hohe, Сојузна Република Германија.

Имено, во трансакцијата SKion GmbH, ќе превземе решавачки удел во следните филијали на БМЗ Холдинг ГмбХ:

- Визатроник ГмбХ, (Visatronic GmbH) регистрирана во локалниот суд Офембах под ХРБ 40463-со седиште Dieselstr.19, 63533 Mainhausen,Германија 100% од акционерскиот капитал;

**Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mk e-mail:kzk@kzk.gov.mk**

- Батеруниверзитет ГмбХ (Bateruniversity GmbH) регистрирана во локалниот суд Ашафенбург под ХРБ 10299 – и седиште Am Sportplaz 30, 63791, Karlstein, Германија, 100% од акционерскиот капитал;

- КИОН батери системс Гмбх, (KION Battery Systems GmbH) регистриран во локалниот суд Ашафенбург под ХРБ 15392, седиште Zeche Gustav 1, 63791 Karlstein, Германија - 50% од акционерскиот капитал;

- БМЗ Компани Лимитед Кина -регистрирано во Администрацијата за регулирање на пазарот Шенцен со седиште зграда Б, зграда Јулонг Технолоџис југозападна страна од раскрсницата на 1-виот пат Баолонг и патот Ченгсин, подокруг Баолонг, округ Лонганг, Шенцен, Кина,100% од акционерскиот капитал;

- БМЗ Хонконг Лимитед -Хонгконг, Регистар на компании Хонгконг со седиште на адреса 19Х Максгранд плаза бр.3, Таи Јау Стреет, Сан По Конг, Ковиоон, 100% од акционерскиот капитал;

- БМЗ Поланд Сп.з.о.о. Полска, со седиште во Гливице, ул. Алберта Ајнштајна 9, 44-109 Гливице, Полска запишана во Окружниот суд Гливице под КРС бр. 0000353823, 100% од капиталот на компанијата
- БМЗ УСА Инц., САД, Вирџинија, -седиште 1429 Miller Stone Road, Virginia beach VA 23455 100 % од акцинерскиот капитал;

- БМЗ Јапан КК, Јапонија, регистрирана во Бирото за правни работи во Токио под број 0300-01-119624- седиште Shitaya 1-6-5, Taito-ku, Tokyo,Јапонија, 100% од акционерскиот капитал;

- БМЗ ДООЕЛ Илинден Скопје, матичен број 7688253, седиште на адреса 106, блок 5-ТИРЗ Скопје, Бунарџик, Илинден, Р. Северна Македонија, - 100% од уделот;

- БМЗ Иноватион Гроуп ЛТД, Англија и Велс, број 13074246 со седиште на адреса Future Business Centre, Kings Hedges Road, Cabridge CB4 2HY, Обединето Кралство, 100% од акционерскиот капитал и

- БМЗ Бразил, Desenvolvimento, Producao e Servigos de Manutengao de Sistemas de Armazenamento de energia, регистрирана под бр. 55.061.712/0001-02- во Бразилскиорт Регистар на корпоративни даночни обврзници со седиште на Rua Rocha, Pombo, No.2561, Warenhous, Brazil, 100% од акционерскиот капитал.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

SKion GmbH преку две целосно поседувани индиректни филијали (SKion Beteiligungs GmbH и SNV Operations GmbH) ќе стекне целосна контрола врз суштинскиот дел од постојниот бизнис на БМЗ Холдинг ГмбХ и неговите филијали, кои заедно ја претставуваат БМЗ Групацијата преку откуп на акции и имот-средства ( во понатамошниот текст: БМЗ таргетиран бизнис- **BMZ Target Business**).

**Дејност на Skion GmbH** е купување, поседување и управување со удели (акции) во други компании, како и управување со сопствени средства, без трансакции што подлежат на супервизија во смисла на Законот за банките или Законот за институции за хартии од вредност.

SKionGmbH е холдинг компанија, сопственост на одредени припадници на фамилијата Klatten, која поседува и менаџира акции во компании и управува со своите средства. SKion моментално држи 50% или повеќе во следните филијали:

- ALTANA AG (100%), глобален снабдувач со специјални хемикалии за производители на обвивки, пластични конвертери, печатачка и пакувачка индустрија, козметичка индустрија и електрична индустрија.

- SKion Water GmbH (100%), глобален снабдувач со вода и технологија за отпадна вода што пружа солуции за третман на вода и отпадна вода за населби и индустриски и комерцијални потрошувачи на вода и развива и имплементира иновативни соодветни технологии.

- AVISTA OIL AG (50%), компанија активна во одлагање и процесирање на отпадни масла и течности што содржат масла за производството на основни масла и мазива.

Во 2024 SKion GmbH остварил приходи во Република Северна Македонија од продажби од целосно поседуваната АЛТАНА АГ, која е светски снабдувач на специјални хемикалии за производители на амбалажи, пластични конвертери, за печатарска и пакувачка индустрија, козметичка и електрична индустрија, без никаква поврзаност со пазарот на батерии.

**Дејност на БМЗ Холдинг ГмбХ** е управување со сопствени средства, продажба, поседување на удели и управување со холдинг компании во Германија и во странство, чија цел е особено увоз и извоз, трговија и масовно производство на електрични производи на фабричко ниво, особено батерии, изготвување на вештачења и извршување на тестови, обуки и консалтинг во областа на технологија на батерии.

БМЗ таргетираниот бизнис е активен во производството и дистрибуцијата на батериски модули и системи за широк спектар на апликации во е-мобилноста, возните системи, складирање на енергија, енергетски & градинарски алатки, медицински и индустриски. Апликациите опфаќаат од електрични возила, виљушкари, е-велосипеди, уреди за складирање на енергија, преносни медицински уреди, електрична опрема како секачи, пили, дупчалки и безжични шрафилици. БМЗ таргетираниот бизнис не произведува батерии, но преработува набавени батериски ќелии во батериски модули и системи (познати како батериски пакувања) со контролни и полнечки системи. Батериските

**Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mke-mail:kzk@kzk.gov.mk**

модули и системи произведени од БМЗ таргетираниот бизнис се продаваат скоро ексклузивно на комерцијални клиенти.

Со предметната трансакција SKion GmbH ќе стекне контрола и над БМЗ ДООЕЛ Илинден, Скопје, Северна Македонија со седиште на " 106 " Бр. БЛОК 5- ТИРЗ / СКОПЈЕ 2 БУНАРЏИК, ИЛИНДЕН, Република Северна Македонија, со дејност - производство на батерии и акумулатори.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Сиљановска Николиќ**